# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА РЕЈТИНГОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ЛИЧНОСТИ

Во периодот помеѓу **11.04.2008** и **14.04.2008** година, стручниот тим на Институтот за демократија спроведе телефонска анкета за испитување на перцепциите на граѓаните за политичките партии во Македонија, за нивниот став кон НАТО, како и нивното мислење за лидерите на политичките партии.

## КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето беше спроведено според стадардизиран прашалник и врз основа на стратификуван примерок кој е репрезентативен за населението во Република Македонија. Во примерокот беа запазени демографските специфики на населението (полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење (урбана или рурална средина, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности). Во примерокот беа застапени испитаници од сите изборни региони во Македонија според поделбата од 2002 година.

## РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА

Со испитувањето беа опфатени вкупно **1 129 испитаници**. Од нив 522 испитаници се мажи, а 607 се жени, односно 46,2% од испитаниците се мажи, а 53,8% се жени.

Во однос на **старосните групи** 259 (22,9%) се млади до 29 години. Понатаму 215 (19%) имаат помеѓу 30 и 39 години, 206 или 18,2% се на возраст помеѓу 40 и 49 години, 212 испитаници односно 18,8% од вкупниот број се во старосната група помеѓу 50 и 59 години, а 237 (21%) се постари од 60 години.

Според **образованието** 6,7% од испитаниците немаат завршено основно образование, а 14% имаат само основно образование. Најголем дел од нив или 52% имаат средно образование, додека останатите 27,3% од испитаниците имаат више или високо образование.

Според **етничката структура**, најголем дел од испитаниците се етнички Македонци и тоа 827 од нив или 73,3% од вкупниот број, а втори по бројност се етничките Албанци со 267 испитаника или 23,6%. Останатите етни;ки заедници беа застапени со 3,1%.

Доколку се погледне структурата на испитаниците според **местото на живеење** ќе видиме дека 25,7% се од поголемите градови во Македонија, а 22,1% се од помалите градски средини. Останатите 29,1% од сите испитаници се од рурални средини, а 23% се од Скопје.

Во склоп на истражувањето, **подеднакво беа опфатени шестте изборни региони во Република Македонија**, при што отстапувањата меѓу регионите во поглед на нивната застапеност во анкетата се движеа во рамките на дозволеното (+/-1%).

## АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Анкетниот прашалник се состоеше од **ЧЕТИРИ ПРАШАЊА**, на кои испитаниците ги дадоа следните одговори:

**ПРВОТО ПРАШАЊЕ** во анкетата беше *Доколку утре би се одржале парламентарни избори, за која партија би гласале?* Доколку се споредат одговорите на ова прашање со претходното истражување кое беше спроведено пред самитот на НАТО (спроведено на 21-23 Март 2008) може да се забележи дека рејтингот на партиите не е значително променет. **Според тоа, генерален заклучок би бил дека рејтингот на поголемите партии е стабилен односно одложената покана за влез на Македонија во НАТО не влијаела врз рејтингот на партиите.**

| | Март | Април |
|---|---|---|
| СДСМ | 9 | **9.8** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 26.1 | **26.3** |
| ДУИ | 9.5 | **9.9** |
| ПДП | 0.1 | **0.3** |
| ДПА | 4.7 | **5.1** |
| НСДП | 0.6 | **0.9** |
| ДОМ | 0.3 | **0.4** |
| ПЕО | 0.1 | **/** |
| СП | 0.4 | **0.1** |
| ЛДП | 0.2 | **0.4** |
| ЛП | 0.1 | **/** |
| ВМРО Народна | 0.1 | **0.4** |
| ниедна | 20.5 | **18.8** |
| Друга | 1.7 | **1.4** |
| не знам/нема одговор | 26.5 | **26** |




Во **ВТОРОТО ПРАШАЊЕ** граѓаните требаше да дадат мислење за неколку македонски политичари. Прашањето гласеше *Какво е вашето мислење за следниве политичари?* Резултатите на ова прашање се следните

| Какво е вашето мислење за следниве политичари: | | | |
|---|---|---|---|
| | позитивно | негативно | нема одговор |
| Никола Груевски | 59,7 | 32,6 | 7,7 |
| Радмила Шекеринска | 32,2 | 58,5 | 9,3 |
| Али Ахмети | 22,2 | 70,4 | 7,4 |
| Мендух Тачи | 16,7 | 74,8 | 8,5 |
| Павле Трајанов | 28,7 | 52,8 | 18,5 |
| Стојан Андов | 26,4 | 59,5 | 14,1 |
| Љубисав Ибанов Ѕинго | 14,6 | 69,6 | 15,8 |
| Ѓорѓи Оровчанец | 23,6 | 54,7 | 21,7 |
| Тито Петковски | 34,6 | 52,8 | 12,6 |

Во **ТРЕТОТО ПРАШАЊЕ** граѓаните беа запрашани *Доколку утре се одржи референдум за влез во НАТО како би гласале вие?*




Во **ЧЕТВРТОТО ПРАШАЊЕ** Институтот за демократија сакаше да го утврди **коалицискиот потенцијал** на следните помали политички субјекти во Република Македонија преку прашањето *За која од следниве партии би се одлучиле да гласате доколку самостојно излезат на избори?*

резултатите се следните:

| За која од следниве партии би се одлучиле да гласате доколку самостојно излезат на избори? | | | |
|---|---|---|---|
| | да | не | нема одговор |
| Демократски сојуз | 11,9 | 83,6 | 4,5 |
| Либерална партија | 7,4 | 88,3 | 4,3 |
| Социјалистичка партија | 5,1 | 91 | 3,9 |
| Нова демократска алтернатива | 7,4 | 88,2 | 4,4 |
| Либерално демократска партија | 11,5 | 84,2 | 4,3 |

Притоа важно е да се напомене дека:

1. **Испитаниците имаа можност да одговорат со "да" и "не" за секоја од понудените политички партии**

2. **Резултатите не го рефлектираат рејтингот на овие партии (истиот е претставен во првото прашање), односно го изразуваат нивното политичкото влијание во евентуалните коалиции – коалиционен потенцијал**.

НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. Сите истражувања на институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3,1% . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Владимир Божиновски - **Институт за Демократија (ИДСЦС)**

**Моб. +389 70 26 98 28** **Тел. +389 2 3094 760**